Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-426/3
16-11-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 426 од 19.08.2022 година, поднесена од Јасмина Василевска за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 16.11.2022 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

СЕ ОТФРЛА претставката бр. 08 – 426/1 од 19.08.2022 година, поднесена од Јасмина Василевска ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.

## Образложение

На 19.08.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на Јасмина Василевска.
Од причина што претставката не содржеше доволно податоци за лицето против кое беше поднесена, на 2.09.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката, во насока што ќе ја наведе личната адреса на лицето против кое ја поднесува претставката.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Подносителот на претставката во предвидениот законски рок не достави поднесок за доуредување на претставката. Следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката поради неуредност.

Скопје
16.11.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- Јасмина Василевска, ул. Јане Сандански бр. 63, Битола